German Environment Agency

## Наслов на проектот

## Подобрување на поврзаноста кај Балканскиот зелен појас in Албанија, Северна Македонија

Updated: December 2021



Поглед кон планините Јабланица-Шебеник

Автор: Xhemal Xherri

Регион: Албанија, Северна Македонија
Времетраење: 12/2021 – 11/2023
Соработници: Министерства и сектори, агенции, општини, здруженија на граѓани, невладини организации
Спроведувачи на проектот: Еуронатур (Германија), Македонско еколошко друштво (Северна Македонија), Здружение за зачувување на природата (Албанија)
број на проект: 168250

### Позадина

Балканскиот зелен појас е клучен за развојот на Зелената инфраструктура (ЗИ) на ниво на ЕУ. Но, се поинтензивното користење на земјиштето и развојот на инфраструктурата вршат притисок врз живеалиштата долж балканскиот зелен појас и нивната поврзаност. Просторното планирање и планирањето на користење на земјиштето се важни алатки за балансирање на различните интереси и начини на користење на земјиштето. Дополнително, просторното планирање овозможува спроведување и долгорочна заштита на ЗИ. Сепак, концептот на ЗИ е во голема мера непознат меѓу носителите на одлуки во секторот на просторно планирање во регионот.

### Проект

Главната цел на проектот е да се заштити и развие балканскиот зелен појас и неговата поврзаност како дел од ЗИ, но и надвор од заштитените подрачја. За ова е неопходно да се подобри релевантното законодавството поврзано со просторното планирање и неговото спроведување вдолж балканскиот зелен појас, со фокус на Албанија и Северна Македонија.

Согласно дадената рамка на ЕУ, проектниот тим ги идентификува празнините и потребите за прилагодување на националното законодавство. Врз основа на ова, проектниот тим извлекува препораки за подобрување на соодветното националното законодавство и неговото спроведување. Планираните обуки го поддржуваат градењето на капацитети кај релевантните министерства, и нивните подрачни единици во прекуграничниот регион Јабланица-Шебеник. Националните надзорни групи на проектот обезбедуваат техничка координација со носителите на одлуки во двете земји. Во пилот-регионот Јабланица-Шебеник, проектот елаборира и препораки за подобрување на постоечките планирачки процеси на ниво на општина. Интензивната размена на информации помеѓу секторите одговорни за просторно планирање поставува основа за хармонизација на националните процедури за просторно планирање во пилот-подрачјето.


Тематски менаџмент:
Федералната агенција за заштита на природата (BfN)
Dr. Karin Ullrich
Tel.: +49-228 84 91-1522
karin.ullrich@bfn.de

Проектен координатор:
AAP проектна единица
Dr. Sonja Otto
Tel.: +49-340-2103-2210
sonja.otto@uba.de


Advisory Assistance Programme (AAP) for environmental protection in the countries of Central and Eastern Europe, the Caucasus and Central Asia and other countries neighbouring the European Union – a programme of the Federal Ministry for Environment, Nature Conservation, Nuclear Safety and Consumer Protection


AAP Project service unit:
AAP-info@uba.de


www.uba.de/en/project-database-advisory-assistance-programme
www.uba.de/en/advisory-assistance-programme